CNVP
Building a Greener Economic Environment

**Повик за доставување на понуди: Набавка на услуга за снимање и монтажа на 10 (десет) кратки видеа во времетраење од 2 до 4 минути**

**Реф. Бр.: EA_038/02-2024**

**НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ:**

„ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ ЗА ПРЕКУГРАНИЧЕН СОЦИОЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ЗАШТИТЕНИТЕ ПОДРАЧЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И АЛБАНИЈА (КОРАБ-КОРИТНИК, ШАРА И АЛБАНСКИТЕ АЛПИ)"

## 1. Запознавање со CNVP и проектот

CNVP е холандска организација која работи на Балканот. Нашата мисија е да промовираме одржливо искористување на природните ресурси и да обезбедиме поддршка на локалните заедници и владите во создавањето на живот што е во хармонија со природата. Преку различни проекти, имаме за цел да придонесеме за подобра Југоисточна Европа со фокусирање на шест клучни области:

1. Одржливо управување со природните ресурси
2. Климатски промени
3. Рурален развој
4. Обновлива енергија
5. Мобилизација на заедницата
6. Пристапување кон ЕУ

CNVP, преку своите подружници во Северна Македонија и Албанија, спроведува тригодишен проект „**Одржливо искористување на природните ресурси за прекуграничен социоекономски развој на заштитените подрачја во Северна Македонија и Албанија** (Кораб-Коритник, Шара и Албанските Алпи)", финансиран од страна на Фондот за природа Преспа Охрид (PONT). Проектот има за цел да ги подобри социоекономските услови на локалните заедници, притоа придонесувајќи за зачувување на природата. Посебно се фокусира на одржливо искористување на недрвни шумски производи (НДШП) и туризам базиран на природата.

Проектот има три главни цели:

1. Одржливо искористување на недрвни шумски производи во заштитените подрачја на Шар Планина, Кораб-Коритник и Албанските Алпи, придонесувајќи за зачувување на природата и за развој на локалната заедница во овие заштитени подрачја;

2. Туризам базиран на природата (ТБП) во заштитените подрачја на Шар Планина, Кораб-Коритник и Албанските Алпи, придонесувајќи за зачувување на природата и за развој на локалната заедница во овие заштитени подрачја;
3. Развивање на механизам за управување со Шар Планина, Кораб-Коритник и Албанските Алпи за да се овозможи туризмот базиран на природата и друго одржливо искористување на природните ресурси во овие заштитени подрачја.

Отворениот повик за предлози за грант ќе бидат објавени на веб-страницата на CNVP и на каналите на социјалните медиуми.

Отворениот повик за доставување на понуди: Набавка на услуга за снимање и монтажа на 10 (десет) ќе биде објавен на веб – страната на ЦНВП и на каналите на социјалните медиуми.

## 2. Опис на работни задачи

За потребите на проектот "Одржливо користење на природните ресурси во Шара, Кораб Коритник и Албанските Алпи" имплементиран од страна на ЦНВП а финансиски поддржан од Фонд за природа „Преспа-Охрид" (ПОНТ), ЦНВП Северна Македонија објавува повик за доставување на понуди за набавка на услуги за снимање и монтажа на 10 (десет) крати видеа.

Дел од видеата треба да ги прикажат активностите кои ги спроведува проектот а дел од нив ќе бидат промоција на успешни приказни на грантистите на ЦНВП. Видеата е потребно да имаат минимален текст – кој ќе ја означи локацијата на настанот, името на настанот и одредени важни моменти од настанот. Исто така во видеото, потребно е да се вметне титл доколку се користи одреден кадар од говор како и соодветна музика во позадина. На почетокот од видеото добро е да има графика во која ќе се наведе за што ќе биде видеото, а на крајот од видеото потребно е да има завршен кадар со дискјелмер и логоа кои ќе бидат дополнително доставени на избраната продукција.

Најголемиот дел од видеата ќе се снимаат во (Национален Парк Шар Планина и Национален парк Маврово), како и општините: Јегуновце, Теарце, Тетово, Боговиње, Врапчиште, Гостивар и Маврово- Ростуше. Трошоците за превоз до потребната локација ги сноси продукцијата.

Видеата треба да ги прикажат природните убавини, уникатниот релјеф, традицијата, природата и традиционалната храна на регионите. Двата региони треба да бидат еднакво претставени во видеата, а исто така треба да се обрне внимание и на секоја култура, на етничките групи и нивната традиција. Видеата во целост е потребно да ја доловат важноста за правилно искористување на недрвните шумски производи како и туризмот заснован на природа.

## 3. Специфична работа

- Секое видео треба да трае приближно 2 до 4 минути, вклучително со воведот и завршетокот; Продукција на 5 видеа врзани со настани кои треба да го претставуваат проектот и регионите, и продукција на 6 видеа кои треба да ги престават постигнатите резултати на грантистите на ЦНВП.
- Изведувачот мора да понуди нацрт-концепт и содржина за секое видео, врз основа на предходен бриф од страна на проектниот тим на ЦНВП. По одобрувањето на нацрт-концептот од проектниот тим, изведувачот треба да се придржува за договореното.
- Рокот на испорака на видеото, прва верзија 3 календарски денови по завршувањето на снимањето, доколку има одредени корекции потребно е тие да се спроведат во текот на 2 календарски денови. Вкупно време потребно за монтажа е 5 календарски дена од денот на завршувањето на снимањето, пролонгирање на рокот е возможно ако задачата тоа го налага и мора да е по претходна консултација со проектниот тим на ЦНВП. **(забелешка:** доколку продукцијата има можност за изработка на видеото пократко од 5 дена, може да наведе во понудата и тоа носи дополнителни поени во процесот на евалуација).
- Видео материјалите треба да бидат создадени на/за наведените локации, врз основа на претходните консултации и одобрување од проектниот тим. Во видеото може да бидат вклучени и снимки од дрон;
- Доколку има потреба од вклучување на постојни видеа и / или графички материјали од други извори, тоа мора да биде одобрено од проектниот тимот, а авторските права треба да ги обезбеди изведувачот;
- Видеата треба да содржат музика за која изведувачот ќе обезбеди авторски права;
- секое видео треба да има превод на два јазика: англиски со превод на македонски или на албански јазик;

- Начинот на плаќање е во рок од 15 работни дена од денот на одобрување на финалното видео.

- Нарачателот на видеата (ЦНВП) го здржува правото доколку не е задоволен од изработката на видеото, во секое време да го раскине договорот за продукција, и да исплати средства само за одобрените видеа.

- Испорака: USB во 2 резолуции/формати
    - 4K резолуција
    - намален формат погоден за објавување на YouTube, Facebook и Instagram, LinkedIn и други социјални медиуми;

- проектниот тим мора да има ексклузивни права да ги користи и објавува сите видео материјали;

- Изведувачот мора да го почитува Прирачник за комуникација и видливост за надворешните активности на ЦНВП /ПОНТ со оглед на тоа што проектот е финансиран од ПОНТ.

Пред секое снимање, изведувачот /продукцијата е потребно да се консултира со проектниот тим за локацијата на која треба да се снима како и што сакаме да доловиме со продукцијата на видеото. А потоа мора да го достави:

- Предлог сценариото

- Предлог музиката

Теми што мора да бидат содржани во видеата: клучен фокус треба да биде промоција на природата со посебен акцент на недрвни шумски производи и туризам заснован на природа во двата региони Полошкиот и Мавровскиот, богатата традиција и историја на двата региона и природните и културни споменици.

Освен деловите што се наведени погоре, останатото е оставено на слободата на изведувачот. Квалитетот на предлогот, иновативноста, креативноста и ефективноста ќе бидат особено ценети кога ќе се направи избор на најдобар изведувач.

## 5. Локација и време

5.1. Локација

Националните Паркови Шар Планина и Маврово, како и општините: Јегуновце, Теарце, Тетово, Боговиње, Врапчиште, Гостивар и Маврово- Ростуше.

5.2. Датум на започнување и период за спроведување

Предвидениот датум на започнување е **втората половина на јуни, 2024**, па се до **31 декември 2024 година**. Во кој период ќе се спроведуваат снимањата на **видеа**, продукцијата ќе добие писмено известување **10 дена пред снимањето од страна на ЦНВП**. Видеата ќе се користат на сите социјални медиуми, веб-страници, како и на некои платформи за дигитален маркетинг.

## 4. Забрана за купување на опрема

Не смее да се купи опрема во име на договорниот орган / земја-партнер како дел од овој договор за услуги или тоа да се пренесе на договорниот орган / земјата-партнер на крајот на овој договор. Опремата поврзана со овој договор што треба да ја набави земјата-партнер, мора да се купи со посебна тендерска постапка за набавка.

## 5. Начин на аплицирање

Понудата треба да се испрати по електронски пат на следната е-пошта: contact@cnvp-eu.org , со краен рок најдоцна до **31 мај, 2024 година до 16:00 часот.**

При испраќање на апликацијата во делот **Subject,** задолжително да се наведе референтниот број на бројот на повикот (Реф. Бр.: EA_038/02-2024), понуда за **услуга за снимање и монтажа на 10 (десет) видеа.**

Документи што треба да содржи понудата се прикачени на веб страна, истите тие треба да се пополнат и да се испратат во PDF формат, со потпис и печат од овластено лице.

Листа на документи:

1. Прилог 1- Образец за понуда
2. Прилог 2- Финансиска понуда (без ДДВ), бидејќи проектот е ослободен од ДДВ
3. Прилог 3 – Референтна листа:
   a. Линкови кои водат до изработените видеа – најмалку 5 видеа
   b. Листа на соработка со слични проекти
4. Прилог 4 – Изјава
5. Прилог-5- Изјава за прифаќање на условите од повикот
6. Тековна состојба издадена од Централен Регистер

## 6. Критериум за избор на најповолен понудувач

1. Референтна листа во која ќе бидат ставени: **40 поени**
   a. Линкови кои водат до изработените видеа – најмалку 5 видеа и
   c. Листа на соработка со слични проекти
2. Финансиска понуда - **30 поени.**
3. CV – професионална биографија на тимот кој ќе биде ангажиран за снимање и монтажа на видеата. **– 10 поени.**
4. Брзина на изработка на видеото (доколку продукцијата понуди изработка на видеото пократко од максимално предвидените 5 дена) – **10 поени**
5. Претходно искуство со работа со граѓански организации – **10 поени**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние понуди што нема да ги содржат потребните елементи или не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид за понатамошна евалуација. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.